Одговорен мед. лаборант Ненад Миленковски, дипломиран стручен лаборант по медицинска лабораториска дијагностика

Средно образование завршува во Средното Медицинско Училиште "Д-р. Панче Караѓозов" во Скопје - насока медицински лабораториски техничар во учебната 1989/90 година.
Првото работно искуство го стекнува на Институтот за ТБЦ на Клиничкиот Центар во Скопје, каде што работи 7 години, а потоа продолжува во Градската болница "Св.Наум Охридски" во Скопје. За да во 1999 година заснова редовен работен однос во Воената Болница во Скопје на работно место лабораториски техничар, каде по кратко време е назначен за главен лабораториски техничар во Централна биохемиска лабараторија (ЦБЛ). Со трансформацијата на Воената Болница во ГОБ „8 ми Септември" продолжува да работи како главен лабараториски техничар во ЦБЛ.
Во учебната 2010/11 година се запишува на Факултетот за медицински науки – Висока Здравствена Школа при Државниот Универзитет "Гоце Делчев" во Штип на студиската програма за дипломиран стручен лаборант по медицинска лабораториска дијагностика. Дипломира во 2014 кодина и се стекнува со звање дипломиран стручен лаборант по медицинска лабораториска дијагностика. По дипломирањето е назначен за Одговорен мед. лаборант во ЦБЛ.